

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**12-21 ное 2024 Билтен бр. 578**

# ЗБОРОВИТЕ МОЖАТ ДА ОХРАБРАТ !

**Зборовите можат и да поддржат!**

**Во текот на вчерашниот ден во Кинотеката на Р.С. Македонија, се одржа трибина со родители чии што деца учат во училиштата во Карпош.**
**Настанот беше во организација на Одделението за образование. Салата преполна, а интересот на родителите голем. Се говереше за врсничкото насилство помеѓу учениците и за тоа какви трајни емоционални лузни остава насилството кај нив. Одговорноста на наставниците и одговорноста на родителите е да научат да ги препознаваат знаците и да реагираат навремено и ефективно со цел да пружат заштита на учениците. И на жртвите и на насилниците.**

**Актерот Сашко Коцев ја водеше средбата, додека психологот Деспина Стојановска сподели искуства од досегашниот тек на кампањата „Крени глас против врсничко насилство“, особено од работилниците со учениците.**
**Освен родителите, на вчерашната едукативна средба свои искуства споделија и Викторија Кочевска, директор во основното училиште „Владо Тасевски” и Васка Митова, родител претставник од основното училиште „Јан Амос Коменски”.**
**Сите заедно да ја искористиме моќта на зборовите во позитивна насока и да создадеме подобар свет за нас и за нашите деца.**

**Крени Глас Против Врсничко Насилство**
**#Макпетрол**
**#ОпштинаКарпош**



# ДА ГО ОДЛОЖИМЕ КАБАСТИОТ И Е-ОТПАДОТ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

**Во насока на подобрување на здравата животна средина, Општина Карпош контируирано презема чекори за одржување на јавната чистота, поддржува и директно учествува во акции каде се вклучени претставници од приватниот, граѓанскиот и невладиниот сектор. Но секако, најголемата поддршка ја добиваме од карпошани, особено кога се работи за правилно одложување на отпадот од домаќинствата.**

**Оттука, уште еднаш апелираме до сите наши сограѓани, особено во претстојниот период кога се соочуваме со енормно загадување, да го одложат својот кабаст, електронски и електричен отпад во пунктот на ЈП „Комунална хигиена“ – Скопје, кој се наоѓа во населбата Карпош 3 долж булеварот „Илинден“ (позади бензинската станица „Макпетрол“, секој ден во неделата од 7:30 до 19:00 часот. Притоа, ги потсетуваме нашите жители дека тоа можат да го сторат со сопствен превоз без никаков паричен надомест.**

**Доколку немаат на располагање сопствени возила, тие можат да се обратат на телефонскиот број: 0800 – 222 -33 каде службите од Јавното комунално претпријатие ќе дојдат со потребната механизација и ќе го транспортираат кабастиот и е-отпадот, за што и ќе ја наплатат оваа услуга.**

**Се надеваме дека оваа иницијатива ќе наиде на позитивна реакција кај нашите карпошани, со кои заедно ќе придонесеме во градењето на една современа еколошка локална заедница.**



# ОСУМ ДЕЦЕНИИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СКОПЈЕ

**По повод 80 годишнината од ослободувањето на градот Скопје, денеска, со низа почести, пред споменикот на борците од Првиот Скопски партизански одред, градоначалникот Стевчо Јакимовски, како и делегации на Сојузот на борци на Македонија, оддадоа почит и се поклонија на овој голем ден за главниот град.**
**Во рамки на свеченоста, беа засадени 40 дрвца од видот црвенолисен јавор, како дел од завршната еко есенска акција на Општина Карпош. Првиот човек на Општината, во своето обраќање проговори за минатото и сеќавањата на 13 ноември, далечната 1944 година.**
**-Да го одбележиме достоинствено овој голем празник, ослободувањето на Скопје сите заедно. Ден кога почнува да се развива слободарскиот дух во Македонија и полека но сигурно започнува да се гради современата држава. Оттука, години подоцна, градоначалниците како и самите граѓани, придонесуваат да започне ерата на градење и развивање на главниот град. На нам ни останува да ги негуваме овие традиции, во исто време да не ни се руши идентитетот. Наредната година да се собереме во уште поголем број и особено ми е драго што денеска млади луѓе се присутни – заврши Јакимовски.**
**Имено, Сојузот на борци на Македонија – Карпош во претходно организиран литературен конкурс, ги повика учениците од сите основни училишта на територија на Карпош кои учествуваа и кои ги освоија првите награди, да ги прочитаат своите дела пред присутните. На конкурсот учествувале и ученици од Општина Ѓорче Петров, како и средношколци од гимназијата ,,Никола Карев”. По настанот, учениците заедно со вработените од Комуналниот сектор, ги засадија дрвцата во чест на големиот празник за главниот град.**
**По повод одбележување на 13-ти ноември, четиричлена делегација од Општина Карпош, денеска им оддаде почит на паднатите борци од НОБ, положувајќи свежо цвеќе пред споменикот на ослободителите на Скопје.**



# АСФАЛТИРАН КРАК ОД УЛ.ТЕОДОСИЈ СИНАИТСКИ

**Заврши асфалтирањето на уште еден крак од ул. Теодосиј Синаитски во должина од 104м. Градежните активности ги реализираше ДГПТУ увоз-извоз „БИТЕМ“ ДООЕЛ Скопје.**



# БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ – БАТО Е ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во својот работен кабинет, градоначалникот  Стевчо Јакимовски му ја врачи плакетата за заслужен граѓанин на Општина Карпош на познатиот македонски писател и драматург, Братислав Димитров-Бато. Инаку, ова признание Димитров го доби во рамки на одбележувањето на 48 годишнината од основање на локалната самоуправа, за неговиот извонредно голем придонес во полето на културата и уметноста.**

**На денешната средба, првиот човек на Општината и реномираниот драматург  Димитров, разговараа за актуелните проекти кои ги спроведува локалната самоуправа од областа на културата и уметноста. Во оваа пригода, двајцата констатираа дека  државата но и локалната заедница  преку конкретни активности можат значајно да придонесат за актуелизирање на драмско-литературните вредности, кои се основа за градење на културниот идентитет на една нација.**



# ВО КАРПОШ Е ОСНОВАН ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Во амфитеатарот на Универзитетот Скопје денеска се одржа конститутивната седница во чии рамки официјално беше формиран Локалниот совет за женско претприемништво на општина Карпош (ЛСЖП). Оттука, во работна атмосфера присутните расправаа и полноправно одлучуваа по неколку точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока, доц. д-р Вера Бошковска едногласно беше избрана за Претседател на ЛСЖП, додека пак за нејзини заменички беа избрани координаторката од Општина Карпош за еднакви можности меѓу жените и мажите, Виолета Михајловска и претставничката од приватниот сектор, Марина Терповска Штарго. Со истата динамика, членовите и ја дадоа целосната доверба на Славица Новевска која отсега ќе ја извршува функцијата Секретар на Локалниот совет за женско претприемништво на општина Карпош.**

**Во текот на седницата се расправаше и за повеќе конструктивни предлози кои треба да резултираат со изработка на годишна програма за работа на Локалниот совет, како и за концепирање на повеќегодишна стратегија според која ќе функционира ова тело. Според статутот, ЛСЖП е предвиден да работи во насока на подобрување и унапредување на економско – финансиската независност кај жените кои живеат или работат на територијата на општината. Притоа, од тој аспект, од исклучително значење е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за женско претпримништво, со цел ефикасно креирање на политики преку кои ќе се застапуваат интересите на жените во локалните и национални власти.**



# ОПШТИНАТА ЌЕ ДОБИЕ ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ПОЕФИКАСНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Во рамки на 56-тата седница која се одржа во амфитеатарот на Универзитетот Скопје, советниците од Општина Карпош расправаа и полноправно одлучуваа по 19 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. По опширната презентација која стручно ја образложи претставникот од Секторот за екологија и енергетска ефикасност, потребното мнозинство советници дадоа согласност за изработка на Физибилити студија, со можност за воспоставување на јавно – приватно партнерство, за поефикасно одржување на јавното осветлување во Карпош. Во овој случај, локалната самоуправа има обезбедено околу 300.000 денари за оваа намена, преку Програмата на Секторот за екологија и енергетска ефикасност при Општина Карпош.**

**Имено, Општината во својата развојна Програма за 2023 – 2025 година презеде стратешки чекор со кој, во најголем дел ги отстрани старите улични светилки и истите ги замени со штедливо лед – осветлување од 35 и 75 вати. Со истекот на оваа развојна Програма, Општина Карпош ќе ја преземе надлежноста над системот за управување со јавното осветлување, кој с□ уште е во рамки на гарантниот рок на изведувачот. Оттаму, Општината ќе се соочи со престанок на гаранцијата на целиот систем којшто е инсталиран, при што, самото јавно осветлување, логично ќе премине во нејзино владение.**

**Емпирискиот пристап на Физибилити студијата ќе покаже колку би било ефикасно формирањето на едно јавно – приватно партнерство со Општината, во насока на одржување на уличното осветлување во Карпош. Воедно, овој стручен труд ќе помогне да се решат неколку различни побарувања и активности кои локалната самоуправа ги спроведува во својата Програма, а исто така значајно ќе придонесе за намалување на трошоците за нивна реализација.**

**На самата седница, во конструктивна атмосфера беше поддржана и Предлог – Одлуката со која, локалната самоуправа ќе го отстапи објектот кој е во нејзина сопственост, на Црвениот Крст на РСМ – Карпош, кој во наредниот период ќе ги користи просториите за свои потреби. Станува збор за објект кој се наоѓа во дворот на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош" кој се отстапува на користење за временски период од 10 години, за што корисникот се ослободува од плаќање на надоместок.**

**Советот ја поддржа Предлог – Одлуката со која Општина Карпош ќе му додели финансиски средства во висина од 100.000 денари на дипломираниот инженер архитект, Петар Николовски, за печатење на книгата „Хронологија на развојот на стандардизацијата, на регулативата за енергетска ефикасност, на едукацијата и на медиумската популаризација". Во книгата се содржани 10 глави на 450 страници, од кои осмата глава е посветена на Општина Карпош. Во неа авторот истакнува дека една од поважните критериуми за почетокот за отворање на пристапните преговори на Македонија со ЕУ е енергетската ефикасност, а оттаму и исполнување на европските Директиви преку ЕУ кластерите за заштеда на енергија и заштита на животната средина преку користење на обновливи извори на енергија.**




**Со одлука на Советот беше поддржана и Предлог – Одлуката за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“. Рекламниот простор од предметната недвижност се простира долж надвозникот, со две поставени паноа со димензии од 8×3 метри, кои се изложени од западната и источната страна на надвозникот. Минималниот износ за закуп на рекламниот простор кој не може да изнесува помалку од 120.000 денари, е дефиниран во времетраење од 1 (една) година. За најповолен понудувач ќе биде избран понудувачот кој покрај предвидените услови во огласот, понудил и највисока цена за закуп на рекламниот простор.**

**Потребното мнозинство на гласови го добија и Предлог – Решенијата за изменување и дополнување на Решенијата за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања и на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност). Исто така, беа изгласани и Решенијата за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај, Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита), и Комисиите за култура и спорт.**

**Советниците од Карпош дадоа поддршка и за Предлог – Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски“ за 2024/2025 година.**

# ПРИЈАТЕЛСКА СРЕДБА СО ЗБРАТИМЕНИТЕ ОПШТИНИ

**Четвртоодделенците од ПОУ „Јахја Кемал“ денеска беа во посета кај градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, како дел од нивната практичната настава која е предвидена во рамки на предметот Историја и Општество. Љубопитните ученици поставуваа прашања поврзани со функционирањето на локалните институции, при што првиот човек на општината им даваше конкретни одговори и детално им објасни на кој принцип се темелат тие.**

**Младите основци беа најзаинтересирани за обврските и надлежностите на градоначалникот, како Општината ги решава проблемите од областа на екологијата, спортот и културата, за начинот на кој функционира Советот на општината и каква е структурата на локалната самоуправа. Во оваа пригода, Јакимовски ги информираше учениците за улогата на општината врз развојот на локалната заедница и како може локалната самоуправа преку проекти да влијае на одржување на здравата животна средина и подобрување на животниот стандард на своите сограѓани.**



## ПРОФЕСОРОТ ТУПУРКОВСКИ Е ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА ОПШТИНА КАРПОШ

**По повод 48 годишнината од своето основање (3. ноември), Општина Карпош неодамна го прогласи за свој заслужен граѓанин, професор д-р Васил Тупурковски. Во оваа пригода, градоначалникот Стевчо Јакимовски му ја врачи плакетата на професорот Тупурковски за неговиот извонредно голем придонес во политиката и за афирмација на македонскиот спорт.**

**Професор д-р Васил Тупурковски е роден на 8 април 1951 година во Скопје. Своето високо образование го започнува со дипломирање на Правниот факултет во Скопје во 1972 година, додека пак, својот магистерски труд по Споредбено право го предава во 1973 година на Универзитетот во Мичиген (САД). Тупурковски докторирал на Правниот факултет во Скопје во 1976 година од областа на Меѓународното јавно право, а фигурира како редовен професор на Правниот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" по предметот Меѓународно јавно право од 1974 до 2017 година.**

**Својата импозантна професионална политичка кариера ја започнува како Претседател на Сојузот на социјалистичката младија на СФРЈ од 1976-1980 година. Во периодот од 1989 до 1993 година тој е член на Претседателството на СФРЈ, а фигурира како член на Претседателството на Централниот комитет на Сојузот на комунисти на Југославија од 1986 до 1989 година. Од 1998 до 2000 година, професорот Тупурковски е директор на Агенцијата за обнова и развој на Република Македонија, а од 1999 до 2000 година тој е потпретседател на Владата на Република Македонија. Функцијата пратеник во Собранието на РМ ја извршува во 1998 година, а бележи ангажман како Претседател на Кошаркарскиот сојуз на Југославија од 1982 до 1983 година. Исто така, Тупурковски е Претседател на Македонскиот олимписки комитет од 1992 до 2020 година. Тој е член на комисијата за едукација на Европските олимписки комитети од 1996 до 2016 година, а во период од 2002 до 2010 година, Тупурковски е Претседател на Асоцијацијата на Балканските национални олимписки комитети.**



# ДВЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ОД КАРПОШ СЕ ЗБРАТИМИЈА СО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДРАГО МИЛОВИЌ“ ОД ТИВАТ

**Градоначалниците на збратимените општини Карпош и Тиват, Стевчо Јакимовски и Жељко Комненовиќ, вчера потпишаа меморандум за соработка во областа на образованието. Станува збор за официјален документ со кој основните училишта од Карпош, „Димо Хаџи Димов“ и „Петар Поп Арсов“, создадоа правна рамка за соработка со основното училиште „Драго Миловиќ“ од Тиват.**

**Препознавајќи ги бенефитите на оваа меѓународна и меѓуопштинска соработка за промоција на училиштата, логично е дека од неа ќе произлезат и низа иницијативи, какви што се размената на практики за училишни и вонучилишни активности. Во таа насока, се отвора можност за изработка на заеднички програми на наставници и стручни соработници, како и организирање на заеднички истражувачки активности на основците, наставниците и стручните соработници. Во знак на одржување на добрата соработка и пријателските односи двете делегации си разменија пригодни подароци.**
**Планираната блок дотација изнесува 596. 299.000 денари, од којашто е реализиран износот во висина од 453.486.295 денари. Во прилог на образложението стои и дека Самофинансирачките активности за основното образование и детските градинки се планирани во износ од 73.958.000 денари, а реализираните приходи се во висина од 33.213.117 денари.**

**Во продолжение на седницата советниците ја поддржаа Одлуката за прогласување на заслужен граѓанин на општина Карпош за 2024 година, а со истата динамика беше изгласано Решението за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Војдан Чернодрински.**



# ЈАКИМОВСКИ ПРИСУСТВУВА НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЗБРАТИМЕНАТА ОПШТИНА ТИВАТ

**Четиричлена делегација од Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, членот на Општинскиот Совет, Александар Илиески и директорките на основните училишта „Димо Хаџи Димов“ и „Петар Поп Арсов“, Лела Николоска и Даниела Штерјова, деновиве на покана на градоначалникот на Тиват, Жељко Комненовиќ, присуствуваат на манифестацијата за одбележување на Деновите на оваа црногорска локална самоуправа. Според денешната агенда на домаќините, претставниците од Карпош предводени од градоначалникот Јакимовски кој воедно е и почесен граѓанин на Тиват, утрово беа дел од традиционалната трка на мирот „Иво Белан“, по што делегацијата се упати кон споменикот на паднатите борци од НОВ, каде во знак на почит беа положени венци со свежо цвеќе.**

**Во рамки на свеченоста, низ градските улици на Тиват беше организирано прекрасно дефиле, по што следуваше познатата церемонија на предавање на црногорското знаме на одредот на Бокељската морнарица, по повод одбележување на 21. ноември, односно денот кога се ослободени градовите Тиват и Котор. Притоа, беше изведен и традиционален танц стар 12 векови, со кој симболично Бокељската морнарица ги заштитува домаќините и нивните гости. Инаку, се смета дека оваа меморијална организација е втората најстара институција после црногорската Црква, а најверојатно и најстарата постоечка поморска институција во светот.**
**Оттука, се очекува општинската делегација од Карпош да присуствува и на Свечената седница на Општина Тиват, која треба да започне во 11 часот претпладне.**

